заедно за климата
македонска нво мрежа за борба против климатските промени

**„Заедно за климата“ е првата Македонска НВО мрежа за борба против климатските промени, формирана на 08.11.2008 во Скопје, од страна на: Фронт 21/42, Проактива, Екосвест, Грин Пауер, Експерти и едукација, Центар за развој на култура и животна средина и Зелената Арка.**

**Визијата на мрежата** е Македонија - лидер во регионот во борбата против климатските промени, или поконкретно - сакаме во следните 20 години Македонија од сите земји во регионот да има најниска емисија на стакленички гасови по глава на жител, при тоа непречено обезбедувајќи социјален и економски развој на државата.

**Мисијата на мрежата** е да го поддржи и зајакне граѓанскиот сектор во врска со прашањата поврзани со климатските промени (причини, последици и соодветен одговор на истите).

**Главна цел на мрежата** е промоција на акции за намалување на човековото влијание врз климатскиот систем и адаптација кон негативните влијанија од климатските промени во Република Македонија.

**Специфични цели на мрежата** се:
- Едукација и подигнување на јавната свест за климатските промени во Македонија;
- Поттикнување на активности и влијаење врз донесувањето на одлуки (закони, стратегии, субвенции итн) за ублажување на негативните влијанија од климатските промени и прилагодување кон истите во Македонија;
- Притисок врз одговорните за целосно и навремено информирање на јавноста за прашања поврзани со климатските промени;
- Обединување на ставовите на граѓанските здруженија (членки на мрежата) во врска со климатските промени, нивна презентација и застапување во јавноста и пред надлежните;
- Зајакнување на улогата и позицијата на граѓанскиот сектор во општеството во однос на теми и прашања поврзани со климатските промени.

**Начини на делување на мрежата** се:
- Комуникација со јавноста преку медиуми;
- Кампањи и проекти;
- Лобирање и застапување;
- Организација на и учество во јавни трибини, тркалезни маси, обуки, предавања, семинари, итн.
- Вмрежување и заеднички настап со останати сродни организации на национално, регионално и меѓународно ниво.

**Мрежата е отворена за сите организации и индивидуалци кои ги делат визијата, мисијата и целите на мрежата.**

**Во мрежата може да членуваат:**
- **полноправни членки:** непрофитни организации регистрирани во Република Македонија чии визија, мисија, цели и активности не се во спротивност со оние на мрежата. Полноправните членки имаат право на глас, имаат обврска да учествуваат во креирање и реализација на програмата на мрежата, имаат

право да ја координираат мрежата и да бидат координатори на посебни поглавја од годишната програма;

- **асоцијативни членки:** непрофитни организации регистрирани во Република Македонија чии визија, мисија, цели и активности не се во спротивност со оние на мрежата, едукативни и научни институции, експерти индивидуалци. Асоцијативните членки немаат право на глас, не може да ја координираат мрежата, ни да координираат поглавја од годишната програма, но имаат право да учествуваат во состаноци, да даваат свои предлози, да бидат вклучени во проекти и да остваруваат финансиска надокнада за својата работа во проектите;
- **пријатели на мрежата:** индивидуалци, познати личности, претставници на бизнис секторот чие поле и начин на делување не е во спротивност со визијата, мисијата и целите на мрежата. Пријателите немаат строго дефинирани права и обврски, тие не настапуваат во име на мрежата, но истата може да ја промовираат и поддржуваат (финансиски и поинаку).

Мрежата ќе се финансира од донации, грантови и доброволни прилози и во ниеден случај нема да прима финасиски и било какви други форми на поддршка од компании, организации и/или институции чии цели и активности не промовираат одржливо општество и/или се во спротивност со борбата против климатските промени.